08-329/3
19-06-2024

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ број 12/2019) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на продолжението на 6-тата седница одржана на ден 12.06.2024 година донесе

***Одлука***

Постапката по предметот со број 08-4818/1 од 15.10.2019 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Предметот со број 08-4818/1 од 15.10.2019 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на Државната комисија за спречување на корупцијата, во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*Образложение*

Предметот со број 08-4818/1 од 15.10.2019 година е оформен по пријава од непознат подносител, во која има наводи за стекнат недвижен имот од големи размери на лицето ------------------ вработен во ЈЗУ ------------------------- во Секторот за сметководство и член на комисија за јавни набавки.

ДКСК, од именуваниот побара да пополни и достави анкетен лист до Државната комисија согласно член 84 од ЗСКСИ како и податоци за членовите на неговото семејство со кои живее во заедничко домаќинство.
Од страна на именуваниот беа доставени бараните податоци.

ДКСК, со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, прибави податоци за имотот на -------------------- и членовите на неговото семејство од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност и Централниот регистар на Република Северна Македонија.

ДКСК, од прибавените податоци од наведените институции како и податоците од анкетниот лист поднесен од страна на именуваниот, констатира дека нема елементи за нејзино натамошно надлежно постапување во конкретниот случај.

ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изготвил: м-р Б. С., советник
Одобрил: С. Д., член на ДКСК

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë

Претседател,
Татјана Димитровска